Република Македонија
НОТАР
Бети Ѓорѓиева
за подрачјето на Основните судови
на градот Скопје
Кузман Јосифовски Питу 15 лок 6/2

ОДУ број 132/25

ЗАПИСНИК-ИЗВОД

30 мај 2025 година ------------------------------------------------------------------------------
(Триесетти ден, месец мај, две илјади дваесет и петта година) --------------------------
Во Скопје во 10 (десет), часот 0 (нула) минути ------------------------------------------------

Јас, нотар Бети Ѓорѓиева, за подрачјето на основните судови на градот Скопје, со службено седиште на бул.Кузман Јосифовски Питу број 15 лок 6/2 во Скопје, денес, на 30 мај 2025 година (Триесетти ден, месец мај, две илјади дваесет и петта година) на писмена Покана на Одборот на директори од 8 мај 2025 година од Акционерското друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА-Скопје, со седиште на бул. 3-та Македонска бригада број ББ во Скопје-Аеродром, присуствував на седница на Собранието на акционерите на Друштвото која се одржа на денешен ден во седиштето на Друштвото-Управна зграда кат 1, на на бул. 3-та Македонска бригада број ББ во Скопје-Аеродром, со почеток во 10 часот, при што, согласно член 93 од Законот за нотаријатот (Службен весник на Република Северна Македонија, број 72/2016, број 142/2016 и број 233/2018), и член 407 во врска со член 383 став 3 од Законот за трговските друштва, како повикан нотар да го води записникот од Собранието, го составив следниот-------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------

ЗАПИСНИК ОД СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИТЕ
НА АД РАДЕ КОНЧАР – АПАРАТНА ТЕХНИКА СКОПЈЕ

----------------------------------------------------------------------------------------------------

Пред отпочнувањето на собранието на мое барање ми беше предочена: -----------

1. Тековна состојба на Акционерското друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА-Скопје, со седиште на бул. 3-та Македонска бригада број ББ во Скопје-Аеродром, Електронски издадена-дигитално потпишана од Централниот регистар на Република Северна Македонија-Трговски регистар и регистар на други правни лица број 0805-50/150020250210885 од 30.05.2025 година, прилог кон овој Записник; -
2. Акционерска книга на Акционерското друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА-Скопје, со состојба на ден 28.05.2025 година (дваесет и осми ден, месец мај, две илјади дваесет и петта година,) во 11 (единаесет) часот 30 (триесет) минути и 24 (дваесет и четири) секунди,

3. во која се евидентирани 629 иматели, со вкупен број на акции 206.230 и вкупен број на гласови 206.230, прилог кон овој Записник кој се наоѓа во списите на предметот; -----------------------------------------------------------
4. Јавен Повик објавен на официјалната интернет страница на Акционерското друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА-Скопје, на СЕИ НЕТ на Македонска Берза и на половина страница во дневниот весник "Слободен печат", на 28 април 2025 година, и објавен Ревидиран дневен ред на интернет страната на Друштвото, СЕИ НЕТ на Македонска Берза и на половина страница во дневниот весник "Слободен печат", на 20 мај 2025 година, со кој се повикуваат акционерите да присуствуваат на седницата на Акционерското друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА-Скопје, на ден 30 мај 2025 година, со почеток во 10,00 (десет) часот, во седиштето на Друштвото-Управна зграда кат 1, на бул. 3-та Македонска бригада број ББ во Скопје-Аеродром, или да гласаат по пат на кореспонденција, со испраќање на пополнет образец кој во оригинал мора да биде примен во Друштвото најдоцна пред денот на одржување на Собранието; -----------------------------
5. Список на присутни акционери и застапници на акционери, со број на акции. Од наведениот список, по неговата верификација, утврдив дека на седницата на собранието се присутни вкупно 23 (дваесет и три) акционери и нивни застапници, со вкупно 187.494 гласови.-------------------
   ------------------------------------------------------------------------------------------

Седницата ја отвори Чедомир Стојковски, кој претседавал на последната седница на Собранието и објави дека од вкупно 206.230 акции, без право на глас се 476 акции, односно 205.754 акции со прво на глас, а на оваа седница се присутни 23 (дваесетитри) акционери и нивни застапници со 187.494 акции, што претставува 91,13% од вкупниот број на акции со право на глас, па објави дека има кворум, истовремено појасни дека собранието е свикано преку јавен повик објавен на ден на 28 април 2025 година во деневниот весник Слободен печат, на СЕИНЕТ на Македонска Берза и на интернет страницата на друштвото, при што напомена дека во предвидениот рок од акционерот ДОО Раде Кончар Заеднички дејности е доставен предлог за дополнување на дневниот ред, по што Одборот на директори изврши Ревидирање на деневниот ред со додавање на нова 13-та точка и Ревидираниот дневен ред е уредно објавен на ден на 20 мај 2025 година во дневниот весник Слободен печат, на СЕИ НЕТ на Македонска Берза и на интернет страницата на друштвото и дека Собранието ќе работи по објавениот Ревидиран Дневен ред. Пред отпочнување со процедуралниот дел збор побара Ѓорѓи Доновски претседател на Одбор на директори кој побара да се произнесе во однос на бројот на акции кои влегуваат во кворумот за работа на ова Собрание, при што смета дека треба пред се да ги запознае акционерите со едно ново настаната состојба од минатото собрание до денес, односно прецизно даде објаснување за преовладувачко влијание на АД Раде Кончар Апаратна Техника-Скопје врз Друштвото со ограничена одговорност Раде Кончар Заеднички дејности. Потенцира дека оваа фактичка состојба за преовладувачко влијание на АД Раде Кончар Апаратна Техника-Скопје врз Друштвото Раде Кончар Заеднички дејности е правосилно утврдена со правосилна одлука на Основниот граѓански

суд-Скопје, потврдена со одлука на Апелациониот суд. Потенцира дека Законот за трговски друштва, сметано од неговото донесување од 2004 година па до сега, го регулира и статусот на зависното друштво спрема владеачкото друштво. Имено, со измените на Законот за трговските друштва од 2015 година, објавени во Службен весник број 88 од 2015. година, во одредбата од член 4 и 9 од истиот закон, законодавецот предвидел дека зависното друштво не смее да стекнува акции во владеачкото друштво, во ставот 2 од истиот член е предвидено, ако зависното друштво пред да стане зависно друштво поседува удел, односно акции во владеачкото друштво, има обврска да ги отуѓи, па на основа на ваквата законска поставеност, а со оглед дека зависното друштво Раде Кончар Заеднички Дејности се уште ја нема исполнето обврската за отуѓување во предвидениот рок утврден во Законот за трговски друштва, ваквите акции не смеат да даваат право на глас, право на дивиденда и право на исплата на дел од остаток од ликвидациона маса, а сето тоа предвидено со член 278 од Законот за трговски друштва. Поради ваквата законска поставеност, која поизлегува од поединечен акт правосилно судско решение на Основен Граѓански суд и од Законот за трговски друштва, сметам дека овие акции не треба да влегуваат во кворумот за работа на ова акционерско собрание и понатаму, и истите, со оглед дека, не можат да даваат право на глас. Исто така смета дека со постапување спротивно на судска пресуда и спротивно на цитираните законски одредби, истото повлекува кривична одговорност, посебно за лицето односно управителот на Друштвото за заеднички дејности, при учество и гласање, а во врска со работата и дневниот ред на ова собрание.--------------------------------------

Чедомир Стојковски појасни дека прибелешки во Акционерската книга нема и отпочна со процедуралниот дел од дневниот ред. Чедомир Стојковски констатира дека има кворум за работење на Собранието, и предложи Собранието да започне со спроведување на процедуралниот дел и тоа прво да се избере претседавач кој ќе раководи со Собранието, согласно доставениот предлог, за претседавач е предложен Чедомир Стојковски. Предлогот беше едногласно усвоен со јавно гласање со кревање на рака на присутните акционери и застапници на акционери, после што претседавачот Чедомир Стојковски, со стан на бул.В.Смилевски Бато број 65/3-13 во Скопје, чиј што идентитет лично го утврдив преку увид во личната карта издадена од МВР Скопје, го прочита јавниот повик и ревидираниот дневен ред и објави дека гласањето на седницата ќе биде јавно освен во делот на изборот на членовите на Одборот на директори каде што најави дека гласањето ќе биде тајно. Потоа претседавачот константира дека на Собранието е присутен нотар Бети Ѓорѓиева од Скопје, која ќе го води записникот, и предложи да се избере трочлена верификациона комисија за верификација на списокот на присутни акционери и бројач на гласови. Група акционери за членови на верификационата комисија ги предложиле, согласно објавениот предлог на веб страната на АД Сузана Димовска, Александар Теодоров и Руска Баришиќ, за бројач на гласови Александар Теодоров, како и за членови на комисија за тајно гласање ги предложиле Руска Баришиќ, Сузана Димовска и Александар Теодоров. Претседавачот ги стави предлозите на гласање при што за верификационата комисија Сузана Димовска, Александар Теодоров и Руска Баришиќ од присутните акционери и застапници на акционери гласаа и тоа со 141.764 гласа -за; 42.352 гласа-против, и 3.378 гласа-воздржан. По завршеното гласање

преседавачот констатира дека со мнозинство на гласови од присутните акционери и застапници на акционери за членови на верификационата комисија се избрани Сузана Димовска, Александар Теодоров и Руска Баришиќ. Се пристапи кон избор на бројачот на гласови при што за предложениот Александар Теодоров од присутните акционери и застапници на акционери гласаа и тоа со 145.142 гласа -за; 42.352 гласа-против, и 0 гласа-воздржан. По завршеното гласање преседавачот констатира дека со мнозинство гласови од присутните акционери и застапници на акционери за бројач на гласови е избран Александар Теодоров. Потоа се пристпи кон гласање на тричлена комисија за тајно гласање, претседавачот ги стави предлозите на гласање при што за трилената комисија за тајно гласање Руска Баришиќ, Сузана Димовска, Александар Теодоров од присутните акционери и застапници на акционери гласаа и тоа со 141.764 гласа -за; 42.352 гласа-против, и 3.378 гласа-воздржан. По завршеното гласање преседавачот констатира дека со мнозинство на гласови од присутните акционери и застапници на акционери за членови на комисија за тајно гласање се избрани Руска Баришиќ, Сузана Димовска, Александар Теодоров.------------------------------------------------------------------------------------------

Преседавачот ја повика комисијата да го верификува списокот и даде пауза од 10 (десет) минути. Верификационата комисија по извршениот увид во Листата на присутност на Собранието на Акционери од 30.05.2025 година, го верификува списокот на присутните акционери. ------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Откако заврши процедуралниот дел преседавачот предложи да се пристапи кон работниот дел при што укажа на тоа дека работниот дел првобитно се состоел од дванаесет точки кој бил објавен на ден на 28 април 2025 година во дневниот весник Слободен печат, на СЕИ НЕТ на Македонска Берза и на интернет/веб страницата на друштвото, при што напомена дека во предвидениот рок од акционерот ДОО Раде Кончар Заеднички дејности е доставен предлог за дополнување на дневниот ред, по што Одборот на директори изврши Ревидирање на деневниот ред и го прошири со додавање на нова 13-та точка, поради што на ова седница ќе се расправа за дневен ред кој се состои од тринаесет точки и кој Ревидираниот дневен ред е уредно објавен на ден на 20 мај 2025 година во деневниот весник Слободен печат, на СЕИ НЕТ на Македонска Берза и на интернет страницата на друштвото, како материјален дел на работа на Собранието Претседавачот го истакна следниот ------------------

Дневен ред

1. Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото во деловната 2024 година и одобрување на работата на Одборот на директори на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје во деловната 2024 година; ------------------------------------------------------------------------------------
2. Разгледување и усвојување на Годишната сметка за 2024 година; -------------
3. Разгледување и усвојување на ревидирани финансиските извештаи за 2024 година; ----------------------------------------------------------------------------------------
4. Донесување на Одлука за распределба на добивката по годишна сметка за 2024 година; ------------------------------------------------------------------------------------
5. Донесување на Одлука за утврдување на износ на дивиденда за една акција и утврдување на дивиденден календар; ------------------------------------------------

6. Донесување на Одлука за исплата на аванс на дивиденда; ------------------------
7. Донесување на Одлука за избор на ревизор за ревизија на финансиските извештаи за 2025 година; ----------------------------------------------------------------
8. Донесување на Одлука за стекнување сопствени акции со откуп;--------------
9. Донесување на Одлука за измена и дополнување на Статутот на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје;---------------------------------------------------
10. Донесување на Одлука за отпочнување на изготвување на консолидирана Годишната сметка и консолидирани финансиски извештаи;----------------------
11. Донесување на Одлука за отповикување и избор на членови на Одборот на директори; ---------------------------------------------------------------------------
12. Донесување на Одлука за корекција на висината на месечниот надомест на неизвршните членови на Одборот на директори; и---------------------------------
13. Донесување на Одлука за давање овластување без ограничување на Одборот на директори и извршниот директор на АД како застапници на содружникот АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје во Собирот на содружници на ДОО Раде Кончар-Заеднички дејности, да учествува и да се произнесе во постапката за купопродажба на недвижен имот опишан во ИЛ 58529 за КО Кисела Вода 2-Скопје.--------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот го стави дневниот ред на гласање. --------------------------------------
Дневниот ред беше едногласно усвоен со јавно гласање со кревање на рака на присутните акционери и застапници на акционери. ------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------

Пред да се пристпи кон првата точка од Дневниот ред збор побара Јана Стојкова Каневче која што во контекст на излагањето на Ѓорѓи Доневски за преовладувачко влијание на Раде Кончар Апаратна Техника врз Друштвото Раде Кончар Заеднички дејности кажано на почетокот од собранието постави конкретно, јасно и гласно прашање дали Ѓорѓи Доневски објаснувањето го презентира од свое лично име, и дали истото е индивидуално негово гледање и како адвокат и правник или го кажа како претседател на Одбор на директори и дали неговиот став е прифатен и одобрен и е став и на Одборотот на директори?----------------------------------------------------------------------------------
Татјана Лазаревски одговори дека тоа го кажа како негово гледање, меѓутоа, и Одборот на директори има дадено укажување по однос на одлуката за преовладувачко влијание и дадено свое гледање што треба да се случува со тие акции и дека е дискутабилно понатамошнато учество на тие акции, и дека сите ставови произлегуваат од законот за трговски друштва кој јасно укажува дека акциите треба да се отуѓат. Ѓорѓи Доневски објасни дека неговиот личен став и ставот на одборот на директори на АД Раде Кончар Апататна техника-Скопје е пред се за заштита на друштвото и одборот на директори од било каква контрола, осносно дека при евентуална контрола, од комисија за харти од вредност, или евентуално ако има кривична пријава, по кривични постапки/дела, ние сме им укажале, на содружниците и на управителот да водат сметка за правните последици кои што ќе настанат од сегашното девиантно однесување односно непочитување на Законот за трговски друштва, и правосилно судско решение. ---------------------------------------------------------------
Јана Стојкова Каневче го предупреди дека во неговото работење има судир на интереси, кој постоел и лани и оваа година и дека е потребно да ја преиспита

својата работа во друштвото и во одборот на директори во насока на судир на интереси. На дискусијата се надоврза и Управителот на ДОО Раде Кончар заеднички дејности кој се обрати до АД Раде Кончар Апаратна Техника-Скопје дека доколу имале и постоеле некои сознанија во оваа насока, требало да го предупредат уште со самата покана за собрание, и со оглед на фактот што верификационата комисија утврдила кворум заедно со акциите кои ги застапува смета дека треба да учествува во работата на собранието и да има право на глас. Со тоа преседавачот ја затвори дискусијата. -------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------

Се пристапи кон првата точка од Дневниот ред - Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото во деловната 2024 година и одобрување на работата на Одборот на директори на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје во деловната 2024 година. Претседавачот образложи дека целокупниот работен материјал им бил достапен на сите акционери на начин што бил објавен во дневно гласило, на интернет/веб страната на АД и отвори расправа по првата точка.За збор се јави Јана Стојкова Канавче која побара да и се објасни на што се однесуваaат трошоците за резервирања ризици од страна четири од Извештајот како и за тоа во делот Капитал и резерви што значат ревалоризациони резерви од 142.692.922 во однос на истите од претходната година од 71.182.693 со оглед дека постои разлика во истите во 2023 и во 2024 година, како и зошто нема преглед на акции со број на акции. Татјана Лазаревски појасни дека за се Одборот ќе се произнесе писмено и одговорот ќе биде објавен на интернет страницата на Друштвото. Потоа за збор се јави Злате Попоски кој кажа дека и неговото прашање е исто од страна четири од Извештајот и се однесува на ставката Останати трошоци од работењето, го интересира зошто не се спецефицирани тие трошоци како што всушност и функционираат идентитетите на Апаратна техника како и во досегашните извештаи, исто така го интересира бидејќи новиот Одброр на директори работи од седми месец минатата година, па зашто не е направен пресек со 7-ми месец и на тој начин поточно ќе се знае кој одбор на директори што сработил, исто така го загрижуваат стари судкси спорови кон друштвото Сервис и неговиот тогашен управител и кон ТЕП и дека сите се пренесени во фаза на ревизија, и до каде се постапките. Татјана одговори дека писмено ќе се произнесе воедно заедно со прашањата од Јана, а во однос на судските постапки укажа дека истите си течат, вратени се на повторно решавање, истите лица-адвокати ги застапуваат. Потоа за збор се јави Дарко Стојков кој праша зошто нема направено пресек на акции со 31.12.2024 година и сака да добие писмен преглед за истото, исто така го интересира што направил/сработел Одборот на директори од 07.2024 до 31.12.2024 година, за да оствари добивка која е презентирана во извештајот и сака детален преглед за работењето на Одборот на директори, како и за работењето со инвестиционите фондови. Соодветно објаснување даде Татјана Лазаревски со подетално објаснување за работата и добивката на Одборот на директори и за инвестиционите фондови и дека за сите поставени прашања ќе добие писмено известување. Со оглед на тоа што никој друг не се јави за дискусија, претседавачот ја заклучи расправата и ја стави на гласање Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото во деловната 2024 година и одобрување на работата на Одборот на директори на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје во деловната 2024

година. Акционери и застапници на акционери гласаа јавно, со поединечно прозивање на присутните акционери и застапници на акционери и нивно јавно изјаснување. За предложената Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото во деловната 2024 година и одобрување на работата на Одборот на директори на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје во деловната 2024 година, акционерите и застапници на акционери се изјаснија со 141.674 гласа-ЗА (75,56%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 45.820 гласа-ВОЗДРЖАНИ (24.44%). ----------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието ја усвои Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото во деловната 2024 година и одобрување на работата на Одборот на директори на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје во деловната 2024 година, и истата претставува Прилог А кон овој Записник кој се наоѓа во списите на предметот. ------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на втората точка од Дневниот ред- Разгледување и усвојување на Годишната сметка за 2024 година. Претседавачот отвори дискусија по истата. Со оглед на тоа што никој не се јави за дискусија, Претседавачот ја стави на гласање Одлуката за усвојување на Годишната сметка за 2024 година. Акционерите и застапници на акционерите гласаа јавно, со поединечно прозивање на секој акционер односно и застапници на акционерите и нивно јавно изјаснување. За предложената Одлука за усвојување на Годишната сметка за 2024 година, акционерите и застапници на акционерите се изјаснија со 187.494 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ----------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието ја усвои Одлука за усвојување на Годишната сметка за 2024 година, и истата претставува Прилог Б кон овој Записник кој се наоѓа во списите на предметот. ------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на третата точка од Дневниот ред- Разгледување и усвојување на ревидирани финансиските извештаи за 2024 година. Претседавачот отвори дискусија по истата. За збор се јави Јана Стојкова Каневче која што побара на писмено да и биде доставен извештај за тоа со кои лица е склучен Договор за дело и на кои износи биле истите за период за 2024 година па се до денот пред одржување на ова собрание. Со оглед на тоа што никој друг не се јави за дискусија, Претседавачот ја стави на гласање Одлуката за усвојување на ревидирани финансиските извештаи за 2024 година. Акционерите и застапници на акционерите гласаа јавно, со поединечно прозивање на секој акционер и застапници на акционерите и нивно јавно изјаснување. За предложената Одлука за усвојување на ревидирани финансиските извештаи за 2024 година, акционерите и застапници на акционерите се изјаснија со 187.494 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ----------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието ја усвои Одлука за усвојување на ревидирани финансиските извештаи за 2024 година, и истата претставува Прилог В кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. ----------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа се премина на четврвтата точка од Дневниот ред-Донесување на Одлука за распределба на добивката по годишна сметка  за 2024 година. Претседавачот отвори дискусија по истата. За збор се јави Дарко Стојков кој знае дека по статут му следи награда на одборот на директори согласно член 80 став 2, сепак побара детално на писмено да му се објасни работата на одборот на директори кој работи само 4 месеци. Извршниот директор му даде појаснување како е остварена добивката и дека во втората половина од годината во мандатот на овој Одбор на директори е остварена поголема добивка во однос на периодот од првата половина од годината. Со оглед на тоа што никој друг не се јави за дискусија, Претседавачот ја стави на гласање Одлуката за распределба на добивката по годишна сметка  за 2024 година.  Акционерите и застапници на акционерите гласаа јавно, со поединечно прозивање на секој акционер и застапници на акционерите и нивно јавно  изјаснување. За  предложената Одлука за распределба на добивката по годишна сметка  за 2024 година, акционерите и застапници на акционерите се изјаснија со 152.228 гласа-ЗА (81.19%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 35.266 гласа-ВОЗДРЖАНИ (18.81%). ---------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието ја усвои Одлука за распределба на добивката по годишна сметка  за 2024 година, и истата претставува Прилог Г кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. -------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на петата точка од Дневниот ред-Донесување на Одлука за утврдување на износ на дивиденда за една акција и утврдување на дивиденден календар. Претседавачот отвори дискусија по истата. Со оглед на тоа што никој не се јави за дискусија, Претседавачот ја стави на гласање Донесување на Одлука за утврдување на износ на дивиденда за една акција и утврдување на дивиденден календар.  Акционерите и застапници на акционерите гласаа јавно, со поединечно прозивање на секој акционер и застапници на акционерите и нивно јавно  изјаснување. За  предложената Одлука за утврдување на износ на дивиденда за една акција и утврдување на дивиденден календар, акционерите и застапници на акционерите се изјаснија со 187.494 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ---------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието ја усвои Одлуката за утврдување на износ на дивиденда за една акција и утврдување на дивиденден календар, и истата претставува Прилог Д кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. ----------------------------------------------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------

